Прв Скопски Извиднички Одред



Годишен извештај 2016

1. Историја и вовед

Кратка историја за извидништвото

Основачот на Светската Организација на Скаутското Движење (WOSM) е лорд Роберт Стивенсон – Смит Баден Пауел од Гилвел – БП, роден на 22.02.1857 година во Лондон – Англија, (како шесто дете од вкупно десет деца). Останал без татко кога имал само 3 години. Првото образование го добил од својата мајка а подоцна го посетувал училиштето Rose Hill School. Таму добива стипендија и образованието го продолжува (на 13 годишна возраст) во колеџот Чартрхаус. Според крајните резултати БП немал високи оценки во училиштето. Неколку години по завршување на колеџот БП пристапува во армијата каде што го примаат во конкуренција од 700 кандидати. По завршување на академијата во 1876 година на 19 годишна возраст, го испраќаат како поручник во Индија. Таму тој останува цели 10 години каде што развива свои вештини да набљудува, да се крие, да живее под отворено небо, да се грижи сам за себе. Подоцна заминува во Јужна Африка, од 1899-1901 година само со илјада војници под своја команда каде БП успешно ја води одбраната на градот Меифкинг. Градот е ослободен по пристигнувањето на воената помош, а БП е прогласен на национален херој. На 42 годишна возраст унапреден е во генерал-мајор. Ја организира полицијата во чиј состав влегуваат луѓе кои се способни да се движат по траги, да прават скици на места и објекти, да набљудуваат, да забележуваат и да работат со чувство на одговорност. Врз основа на стекнатото искуство ја напишал својата прва книга „Помош за извидништво“ (AIDS TO SKAUTING). Пишувал и за тамошните деца кои му помагале за пренесување пораки, давајќи прва помош на ранетите и на многу слични начини. Во тоа ја препознал желбата на момчињата да направат нешто корисно, активно да придонесат за својата земја и за нивната желба за авантура. Следниот чекор го направил на 29 Јули 1907 година со 22 (дваесет и две) момчиња- синови на свои пријатели и деца од квартот каде живеел, БП оди на кампување на островот Браунси во заливот Пуул кај Дерсет-Јужна Англија. Тој е првиот скаутски камп, кој било предвидено да трае 7 дена но продолжил и траел 10 дена, затоа што момчињата не сакале да се вратат дома. Целта на кампот била момчињата да зајакнат физички и да се научат да помагаат на другите, како да се прехранат во природа, сами

да бараат и да откриваат. Ги поделил во четири патроли: Бикови, Гаврани, Овни и Волци. Импресиониран од воодушевувањето на децата кои биле во кампот сето тоа го публикувал по една година (1908) во книгата „Извидништво за момчиња“(SCOUTING FOR BOYS). Во 1929 година за заслугите што ги имал за младите во светот воопшто, од Британската круна ја добива титулата барон и станува познат како Лорд Баден Пауел од Гилвел. Неговата сопруга во 1930 година е избрана за претседателка на Светското женско скаутско движење. Двајцата биле родени на ист датум 22.02 и по тој повод од 1926 година овој датум се прославува како Светски ден на извидниците, познат под името ден на Баден Пауел односно Thinking Day.

Тој се разделува од движењето во 1937 година за време на Светското Џамбори во Холандија пред 28 000 илјади извидници од целиот свет. Заминува во градот Ниери , Кенија каде умира на 08 Јануари 1941 год. а, последните зборови му биле БИДИ ПОДГОТВЕН (термин кој станал поздрав на извидниците).

За нас

Прв Скопски Извиднички Одред (ПСИО) е најстариот извиднички одред во Република Македонија. Формиран е есента 1952 година, за подоцна во 1953 година да се регистрира во Сојуз на Извидници на Македонија (СИМ). Во текот на годините ПСИО го има променето своето име во чест на некогашниот претседател на тогашна СФРЈугославија Маршал Јосип Броз Тито, но по осамостојувањето на Република Македонија извидничкиот одредот го враќа примарното име во Прв Скопски Извиднички Одред.

ПСИО е дефиниран како невладина организација, самостојна, неполитичка, непрофитна, доброволна и воспитна организација за деца и млади, отворена за сите без оглед на националната или верската припадност. ПСИО е дел од Светското извидничко движење (WOSM) и како таков опстојува и се темели на основните вредности на Извидништвото.

Во нашето извидничко друштво, членуваат преку 80 активни извидници кои се категоризирани во повеќе возрасни групи. Извидниците од 7 до 10 години се во група на јато и се нарекуваат Развигорци, од 11 до 14 години тие влегуваат во патрола и се нарекуваат помлади извидници, од 15 до 21 година формираат младински клуб на извидници и над 21 година извидниците се нарекуваат ровери. Во ПСИО извидниците се распределени во 3 јата, 4 патроли, 1 клуб на средношколци и 1 клуб на ровери кои се водени од свои водачи, волонтери.

Мисија и цел

Мисијата на извидничкото движење е да се придонесе во образованието на младите, преку систем на вредности врз основа на извидничиот Завет и Закони, да помогнат да се изгради еден подобар свет , каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството. Ова се постигнува со вклучување на младите во неформалниот образовен процес со користење на специфичниот извиднички метод што го прави секој поединец главен агент во неговиот или нејзиниот развој. Мисијата е усвоена на Светската Извиднички конференција во Дурбан , Јужна Африка во 1999 година.

Целта на ПСИО е да влијае врз физичкиот, афективен, креативен и социјален развој на децата и младите преку извидничкиот метод кој се темели врз завет и закони, учење преку работа, личен развој, работа во мали групи, поддршка од возрасните, симболичка рамка и сето ова преку следење на основните извиднички принципи:

1. Обврска кон себе
2. Обврска кон другите
3. Обврска кон духовниот развој

Завет и Извиднички закони

Завет

„Давам чесен збор, дека ќе ја запознаам и сакам својата татковина Република Македонија дека ќе ја прифатам духовната реалност и ќе го барам нејзиното потполно значење, дека секогаш ќе им помагам на луѓето, дека ќе живеам и работам по извидничките закони“.

Развигорски закони

1. Развигорецот е добар пријател, храбар и чесен;
2. Развигорецот ги почитува своите родители и постарите;
3. Развигорецот добро учи, вреден е и несебичен.

Извиднички закони

1. На извидникот му е чест да му веруваат
2. Извидникот е корисен
3. Извидникот е добар другар
4. Извидникот е учтив
5. Извидникот е оптимист
6. Извидникот е верен и одговорен
7. Извидникот постојано учи и ги применува стекнатите знаења
8. Извидникот ја цени природата
9. Извидникот ги цени и развива духовните и културните вредности
10. Извидникот е чесен во мислите, зборовите и делата

2. Преглед на активностите во 2016

ПСИО во 2016 година зема активно учество, како и реализација на многу активности, чија цел беше промоција на извидниците како дел од општеството кое се грижи и создава здрава околина за граѓаните, едукација на децата и младите, како на локално, така и на национално ниво, младинска застапеност и создавање подобар свет.

Еднодневни активности организирани од ПСИО

1) **Свечено давање Извидnички завет** за новите извидници – 13.01.2016 и 28.05.2016
Свеченото давање Завет е традиција за целото извидничко движење во светот. ПСИО секоја година го организира два пати каде преку кажување на Заветот и фрлање дрвце со своето име во логорскиот оган новите извидници и членови официјално се придружуваат кон најголемото извидничко семејтво.

2) **Хуманитарни акции по повод Светскиот ден на извидниците**
   - Посета на Дневниот центар за деца на улица во Шуто Оризари, Скопје – 18.02.2016
   - Делење храна за гладните по скопските улици – 20 февруари 2017
   - Реконструкција на куќа за лица со посебни потреби во Волково, Скопје – 21.02.2016

3) **Извиднички турнир во ултимејт фризби**, Градски парк, Скопје – 28.02.2016

4) **Акција за чистење на Кањон Матка**, Скопје – 19.03.2016.

Во сколп на нашата програма и мисија за создавање подобар свет, 30 извидници од ПСИО решија да ја исчистат Матка. Собраа преку 15 вреќи со ѓубре и тоа само на пределот околу последната автобуска станица до паркингот кај браната. Затекнатата состојбата на Кањонот беше повеќе од алармантна, прекрасната природа буквално удавена во отпад од несовесните граѓани кои фрлаат ѓубре каде ќе стигнат...од пелени, до стаклени шишиња, чипсови, лименки и кутии од цигари во изобилство. Контејнерите и на автобуската и на паркингот беа преполни, а мали канти по патеката нема. Нашите извидници – деца, беа навистина ужаснати и преполни со лутина и неразбирање како може некој човек свесно и без никаква почит спрема природата туку така само да фрла ѓубре каде и да стигне. ПСИО апелираше и преку медиумите да се зголеми свесноста кај посетителите и надлежните да се грижат сите повеќе за природата, отпадот да го фрламе исклучиво во канти за отпадоци, а во недостиг од нив да го причуваме во џеб додека не најдеме соодветно место.

5) **„Урнебесна Физика“** - Активност за сите извидници од Р.Македонија, Градски парк, Скопје – 26.03.2016

Овој настан организиран од ПСИО, а посетен од 130 извидници, имаше за цел преку интересен начин и игра да ги доближи физиката и хемијата до децата на возраст од 7 до 13 години. Беа организирани 8 работилници на кои се правеа експерименти водени од нашите волонтери. Извидниците се забавуваа изработувајќи лава лампи, аеродинамични авиончиња, научија што се случува кога ќе се помеша сода со оцет во шише затворено со балон, си го мереа капацитетот на белите дробови и други занимливости кои успешно ја поттикнаа нивната љубопитност и желба да научат нешто ново на сосема поинаков, извиднички начин.

6) **Средба на генерации,** Водно – 16.04.2016

7) **Пролетни Бакнежи, Прегратки „Улични игри“** Градски парк, Скопје – 22.05.2016

Традиционално ПСИО секоја година организира настан, преку кој се развива чувството за ориентација, моториката како и логиката кај најмалите деца, извидници. Преку низа работилници оваа година новите генерации се запознаа со добро познатите улични игри.

Настанот го посетија повеќе од 150 извидници, а се одржа на територијата на целиот парк во Скопје.

8) **Рафтинг обука за најмадите извидници од ПСИО**, езеро Треска - 05.06.2016

На 5ти јуни, Светскиот ден за заштита на животната средина, нашите помлади членови ја имаа својата прва обука за пловење со чамец, која се одржа на езерото Треска во општина Сарај. Настанот го посетија 30 деца од ПСИО кои имаа можност да се запознаат со основните техники за веслање, безбедност на вода и тимска работа. Во склоп на овој настан, беше иницирана и акција за собирање на отпадот во околината на езерото.

9) **Рафтинг на река Вардар**, Неготино - с.Миравци - 19.06.2016

Десет извидници од ПСИО на 19 јуни запловија по река Вардар со цел нејзино чистење со поинаков пристап. Преку веслање по коритото на реката нашите извидници со посебни реквизити ја чистеа реката од ѓубре.

10) **Одредска забава за членовите на ПСИО**, Скопје – 31.10.2016

11) **ГОБЛИН Илегалец**, Градски парк, Скопје – 10.12.2016

Настанот ГОБЛИН илегалец се одржува веќе втора година, а го организираат извидниците од средношколскиот клуб за помладите извидници и развигорците. Преку оваа организација младите се стекнуваат со вештини за добра организација, работа во групи, лидерски вештини, како и грижа за помладите извидници.

Повеќедневни активности организирани од ПСИО

Во рамките на програмата на ПСИО, во текот на годината се организираат неколку повеќедневни активности и извиднички кампови

12) **Зимски едукативен камп**, Нижеполе, Битола – 13-17.01.2016

Секоја година ПСИО за своите извидници организира 5 дневен зимски камп, кој е исполнет со работилници кои им овозможуваат на децата да се запознаат и стекнат нови вештини од полето на спортот, ориентација во простор и природа, готвење, макетарство како и разни видови на сигнализација.

13) **Тренинг за Прва Помош и Заштита**, Катлановска Брезица – 04-06.03.2016

ПСИО смета дека тоа што ќе се научи од мало детето го памети цел живот. Укажувањето на првата помош е неопходна за секого, што и беше мотивот да се организира ваков тренинг. Триесет деца од нашиот одред го посетија и имаа можност да се запознаат и научат повеќе

за: како да направи вештачко дишење, што да прави кога некој се загушува од страно тело, како да сопре крварење, како треба да се третираат повредите со мраз, компресија, подигање, како се третира топлотен удар.

14) **Пролетен БИВАК во природа**, Градовци – 27-29.05.2016

Бивак или логорување е најчестата асоцијација на извидниците. ПСИО во текот на годината организира најмалку два, каде децата се стекнуваат со основни вештини за преживување во природа. На пролетниот бивак присуствуваа 30 извидници кои имаа можност сами да кренат шатори, да подготвуваат храна, да направат патенти кои ќе им бидат потребни за време на логорувањето, да запалат оган, да изградат капија. Овие активности се секако најголемата привилегија од процесот на учење во природа и преку работа.

15) **Летен извиднички камп**, Грција – 10-17.07.2016

Програмата на ПСИО се темели на стекнување нови вештини кои треба да го изградат детето во целокупна личност, спремна за продолжување на извидничката мисија, а тоа е создавање подобар свет. Летниот период секогаш го користиме за организирање летен камп, каде извидниците можат да научат и да стекнат вештини за правилно пливање, веслање, лидерски способности, работа во симболичка рамка, но и креативни работилници кои имаат за цел поттикнување на интересот во разни области.

16) **Планинска тура со јавање коњи**, Охрид-Галичник 09-11.09.2016

Во 2016 година решивме да посветиме повеќе внимание и на нашите волонтери преку иницирање тим билдинг викенд и еднодневна планинска тура со јавање коњи. Планираме оваа активност да ни стане традиција и да ја продолжиме и во наредните години.

17) **Тим билдинг за волонтерите**, Мала Река – 16-18.09.2016

Викенд посветен на волонтерите, водачите и идните водачи е активност која ПСИО ја организира секоја година на почеток на учебна година, како мотив, стекнување нови вештини и методи за работа кои треба да ги пренесат во одредот на децата, извидници. Во 2016 година беше организиран во дом на планина Китка, каде покрај активностите за зајкануване на капацитетите го искористивме времето во дворот да изградиме и логорско место кое ќе можат да го користат сите посетители.

18) **Есенски БИВАК, викенд авантура во природа**, Мала Река – 07-10.10.2016

Основачот на извидниците рекол „една недела престој во природа вреди шест месеци теоретска настава во училница“. Волонтерите од ПСИО покрај пролетниот, секоја година организираат и есенски бивак, односно престој во природа посветен на пешачење и откривање на убавините кои ги крие природата и шумата. Дваесет и пет извидници уживаа авантура во шума, прескокнувајќи река, препреки, се запознаа со нови животинки кои во секојдневието немаат шанса да ги видат. Неколку дена децата беа подалеку од модерното општество и технологија, па уживаа во шумските плодови, градеа мостови и секако го зајакнуваа извидничкиот дух.

Меѓународни активности организирани од ПСИО

19) **Младинска размена од програмата Еразмус +**, Охрид – 01-06.06.2016

Во период од 01-06 април се одржа младинската размена Wees Paraat-Биди подготвен во Извидnички Центар Охрид каде учествуваа 14 извидници од Белгија и 18 извидници од Македонија. Извидничката размена беше наменети за извидници од 16 – 20 години која им овозможи запознавање на друга

култура, споделување на извидnички вештини и практики, запознавање и презентирање на својата земја, кујна, обичаи и активности. Во склоп на размената ПСИО организираше еден културен хајк на кој извидниците од Македонија имаа можност на извидниците од Белгија да им го покажат културното наследство во Охрид, како и посета со брод до Заливот на коските во Градиште и манастирот во Св Наум.

Меѓународни активности посетени од ПСИО

20) **The 7th International Scout Gathering, Sharjah**, Обединети Арапски Емирати, 01-10.02.2016
21) **The 9th. European Scout Agora**, Шпанија, 13-17. 04. 2016
22) **Roverway France 2016 - Sur la Route**, Франција, 03 јули – 14 август 2016
23) **TC Social Entrepreneurship for Social Inclusion**, Велика Британија - 25 ноември- 03 декември 2016

Национални активности посетени од ПСИО

24) **Поздрав на пролетта** ИПО Јадран, Катлановска Брезица – 29.03.2016
25) **„Се плашите ли од темнината“** ИО Брицо, с. Говрлево – 08-10.04.2016
26) **43 меморијал „МАРКО ГРАОРКОВСКИ“** ИПО Јадран, Катлановска Брезица – 22-24.04.2016
27) **Фестивал на отворено, Демир Капија** – 13-15.05.2016
28) **Водени лудории**, ИПО Галеб, Скопје – 20.06.2016
29) **Школа за водачи**, СИМ, Охрид – 24-30.06.2016
30) **Септември извидnички средби**, ИО Мирко Милески, Кичево – 23-25.09.2016
31) **Извидnички караван**, СИМ, Скопје – 24.09.2016
32) **ЕХО Фестивал на планински филм**, Кино Милениум – октомври 2016
33) **Извидниците за својот град** ИО Браќа Миладиновци, Скопје – 12.11.2016
34) Предновогодишна журка ИПО Галеб, Скопје – 24.12.2016

3. Програма

Оваа година програмата ја збогативме со нешто многу интересно и одговорно, а тоа се доделување на извидnички тотеми. ТОТЕМ во извидничката кариера е нешто ново кое започнуваме да го имплементира, а претставува важен момент во извидништвото во повеќе држави. Наш ментор во спроведувањето е извидnички одред од Белгија. Тотемите носат

имиња на животни (за кои одлучивме ќе ги задржиме оригиналите, без превод), а се доделуваат според заедничките карактеристики со извидникот, кои пак ги следат поискусните извидници. Тотеми добиваат сите извидници - водачи од страна на извидник кој веќе има свој. Првите тотеми летово во Нашиот одред ги добија Старешината и Началникот, кои пак веќе доделија тотем на еден водач. За да биде уште поинтересно, освен овие информации, за ништо друго не се дискутира, ниту кога ниту како некој извидник - водач ќе добие тотем.

За програмата да се одвива одлично, како за извидниците така и за водачите во март 2016 година, ја испечативме џебната книга Извидник во природа, која има богата содржина корисна за сите, а посебно за извидниците. Во неа може да се прочита се за ориентација, како се прочистува вода, какви видови огништа постојат, видови ветрови, како да се спакуваме, прва помош и заштита, азбуките за сигнализација – морзеова азбука и семафор, патни знаци, топографија и уште многу занимливости корисни за сите.

Програмата на ПСИО се темели врз стекнување знаења и вештини за кои извидниците треба практично да ги покажат дека ги познаваат при што освојуваат амблеми. Во 2014 година започнавме до го користиме овој метод на работа со воведување на првите четири вештарства. Во 2016 година ПСИО ја збогативме програмат за **5** нови вештини кои извидниците ќе можат да ги освојат и тоа:

1. Стреличарство;
2. Стрелаштво;
3. Готвач;
4. Рециклирање;
5. Пионерство

Задоволство ни претставува дека оваа програма ќе имаат можност да ја користат нови две јата и една патрола, извидници кои ни се приклучија оваа година.

На Нашиот извиднички одред од големо значење му е имиџот во јавноста со кој сакаме да покажеме добра организација и единство меѓу членовите. По тој повод оваа 2016 година за прв пат членовите на ПСИО добија брендирани блузони, покрај униформите и марамите.

4. ПСИО во медиумите

Оваа година имавме гостување во ТВ и радио емисија, а нашите активности на сите полиња ги забележаа и доста интернет-онлајн сервиси на национални телевизии, дневни весници, неделни магазини, портали за наши и странски вести.

Гостување на Сител телевизија во утринската емисија Ја сакам Македонија, каде се

разговараше на тема извидништвото во нашата земја, хуманитарните активностите, како и акциите кои ги спроведува ПСИО за зачувување на чиста животна средина. Во септември 2016 имаа гостување во Радио Бубамара, каде снимија и кратка реклама за промоција на извидништвото.

ХУМАНИТАРНО ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ИЗВИДНИЦИТЕ 22 ФЕБРУАРИ

Скопје 11

Извидниците им делеа храна на питачи и на бездомници

Вест

Скопје 11

ПРВИОТ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД ПОЧНА СО ПРОЛЕТНИТЕ АКТИВНОСТИ

Извидници ја чистеа Матка од ѓубре

Наполнивме 15 вреќи отпад од најголемите, 110-литарски, и тоа само од делот околу последната автобуска постојка до паркингот кај браната. Ситуацијата е повеќе од алармантна, прекрасната природа буквално се дави во отпад, велат од Првиот скопски извиднички одред

Матка се дави во ѓубре, велат извидниците

Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум на објава
Радио МОФ **Хуманитарни акции на младите извидници во Скопје**	Извидниците од Прв Скопски Извиднички Одред, најстариот одред во Македонија, викендов со своите членови од 7 -13 години и нивните водачи организираа неколку хуманитарни активности за најранливите групи. Поводот за акциите беше Светскиот ден на извидниците 22 февруари, роденден на основачот на извидниците Лорд Роберт Баден Пауел. линк до веста	22.02.2016
Дневен Центар за деца на улица - Шуто Оризари **Прв Скопски Извиднички Одред**	Едукативно и продуктивно поминато време со патролите Гоблини и Рисови во мисија за Добро дело. Пред сé, голема дружба, забава и насмевки. Чиста петка за Вашата иницијатива кои и овој пат покажавте големо срце и посветеност кон најранливата категорија на дечиња. линк до веста	22.02.2016
Catalystbalkans **HUMANITARNA AKCIJA SKOPSKIH IZVIĐAČA**	Mladi izviđači iz First Scout Unit of Skopje (Prvi skopski izviđački odred) obeležili su Svetski dan izviđača 22. februara sa tri humanitarne akcije. Grupa od petnaest izviđača posetila je 19. februara Dnevni centar za decu ulice Šuto Orizari. U nedelju, 22. februara jedna grupa pomagala je u renoviranju jedne kuće u kojoj žive lica sa posebnim potrebama, a druga grupa je delila sendviče i drugu hranu beskućnicima u Skoplju. линк до веста	24.02.2016
Скопје Инфо **Првиот скопски извиднички одред започна со пролетни активности**	Акцијата започна во делот на последната автобуска постојка и паркингот кај браната, каде извидниците успеаа да соберат дури 15 вeќи отпад. Ситуацијата ја опишаа како алармантна, бидејќи, можеби најубавото излетничко место во околината на Скопје се дави во отпад! линк до веста	22.03 2016
Вест **Првиот скопски извиднички одред почна со пролетните активности** **Извидници ја чистеа Матка од ѓубре**	"Наполнивме 15 вреќи отпад од најголемите, 110-литарски, и тоа само од делот околу последната автобуска постојка до паркингот кај браната. Ситуацијата е повеќе од алармантна, прекрасната природа буквално се дави во отпад. Апелираме сите посетители да бидат совесни и да го фрлаат отпадот во кантите, а онаму каде што нема канти, да го земат со себе се додека не најдат соодветно место да го остават", вели Снежана Јанковиќ, началник на Првиот скопски извиднички одред. линк до веста	21.03.2016

Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум на објава
Радио МОФ **Младите извидници во Скопје ја чистеа Матка**	Група на извидници, на возраст од 7 до 12 години, со своите водачи од Првиот скопски извиднички одред (ПСИО), денеска ја посетија Матка со цел да ја исчистат. „Уште полош е фактот што и кога стигнавме контејнерите и на автобуската и горе на паркингот беа преполни, а мали канти по патеката за жал нема“, додава Виктор Гилев, водач на патрола. линк до веста	19.03.2016
Телеграф **Првиот скопски извиднички одред организираше незаборавна, интернационална извидничка размена**	Во период од 01 до 06 април, Прв Скопски Извиднички Одред организираше незаборавна, интернационална извидничка размена. На настанот учествуваа 32 извидника од Македонија (Скопје и Прилеп) и Белгија на кој имаа шанса да се запознаат подобро со културата и работата во двете земји. линк до веста	09.04.2016
СТВ **Извидници од Белгија, Скопје и Прилеп се дружеа во Извидничкиот Центар ОхридИзвидници од Белгија, Скопје и Прилеп се дружеа во Извидничкиот Центар Охрид**	Настанот е во организација на Прв Скопски Извиднички Одред од Скопје, кои го искористија убавото време во изминативе денови, да ги донесат нивните гости од Белгија покрај брегот на Охридското Езеро. Во рамките на младинската размена учествуваа 13 извидници од Белгија и 18 извидници од Македонија линк до веста	09.04.2016
Охрид Прес **Извидници од Белгија, Скопје и Прилеп се дружеа во Извидничкиот Центар Охрид**	Во периодот од 1-ви до 7-ми април се одржа младинската размена Wees Paraat – „Биди подготвен“ во Извидничкиот Центар Охрид. линк до веста	09.04. 2016
ИнПрес **Извидници од Белгија, Скопје и Прилеп се дружеа во Извидничкиот Центар Охрид**	– Ова е една од најдобрите младински размени Wees Paraat, која се организирала меѓу Македонски и Белгиски извидници. Се дружевме во Охрид. Собравме многу искуство, велат гостите скаути од Белгија. линк до веста	09.04.2016

Извор и наслов на веста	Кратка информација и линк	Датум на објава
Скопје Инфо **Улични игри во Скопје на 21 мај**	Првиот скопски извидnички одред, традиционално ги организира Скопските улични игри. Деновиве започна пријавувањето за настанот кој ќе се одржи на 21-ви овој месец во Градскиот парк. линк до настанот	11.05.2016
YouTube **Снежана Јанковиќ - началник на прв скопски извиднички одред**	Интервју за учество на фестивалот на отворено во Демир Капија линк до веста	16.05.2016
Карас4Тренинг **Преку рафтинг до почист Вардар**	На 19 јуни, 2016 на релација Неготино - с.Миравци извидниците од Прв Скопски Извиднички Одред за прв пат рафтаа со новиот чамец. Попатно, тие се потрудија да го соберат отпадот реката Вардар оставен од несовесните граѓани. линк до веста	22.06.2016
Вест **Прв Скопски Извиднички Одред со нова акција** **Извиднички рафтинг за чистење на ѓубрето од Вардар**	"Рафтингот траеше седум часа. Навистина, природата по течението на Вардар, особено Демиркаписката Клисура, е непроценливо прекрасна, но за жал, се дави во секаков вид отпад, пластични кутии, канти од боја, лименки, пластични кеси, електронски отпад, градежен шут. Ние успеавме да собереме четири вреќи отпад. Остана уште многу ѓубре во реката", велат од ПСИО. линк до веста	23.06.2016
Пулс Радио **Извидници го чистеа Вардар од Неготино до с.Миравци**	Изминатиот викенд извидниците на Првиот скопски извиднички одред на релација од Неготино до село Миравци направиле рафтинг со чистење на отпадот од реката Вардар. Целта на рафтингот како што велат била да го исчистат ѓубрето од реката оставено од несовесни граѓани, а акцијата била во рамки на нивната мисија за зачувување на животната средина. линк до веста	24.06.2016

РАДИО МОФ
RADIOMOF.MK

ПРОГРАМА ЕМИСИИ ВИДЕО #ЗАМАРАМСОПОЛИТИКА

[Галерија] Хуманитарни акции на младите извидници во Скопје

ВЕСТИ, ГРАЃАНИ

Извидниците од Прв Скопски Извиднички Одред, најстариот одред во Македонија, викендов со своите членови од 7 -13 години и нивните водачи организираа неколку хуманитарни активности за најранливите групи. Поводот за акциите беше Светскиот ден на извидниците 22 февруари, роденден на основачот на извидниците Лорд Роберт Баден Пауел.

„Започнавме со посета на Дневниот Центар за деца на улица во Шуто Оризари каде се потрудивме на децата да им пренесеме некои од нашите вештини, направивме и поделивме вкусни сендвичи за гладните по скопските улици, а не ги одминавме ни кучињата, заедно со Хабитат помагавме во реновирање на дом за лица со посебни потреби, ги шмиргливме и фарбавме внатрешните ѕидови и се запознавме со луѓето и нивниот начин на живот. Ние го оставаме светот подобро место за живеење", појаснуваат извидниците.

СЛУШАЈ РАДИО МОФ

ПОПУЛАРНО

Адидас одбиле реклама снимена од студент, видеото отана интернет хит

Шведска ќе го укине шеотчасовниот работен ден бидејќи е „премногу скап"

Охрид 303: Амбисот во Лагадин – епитом на општествениот амбис во кој тоне Охрид

Холандски отартап создаде јакна за бездомници на која електроноки ќе се донираат пари

Мапа на земји во кои најмногу се пуши канабис

НОВО ЗА ВАС

LAJME NË GJUHËN SHQIPE

Фронтекс: За две третини намален бројот на бегалци кои пристигнале во ЕУ преку море

Митко Гогов меѓу финалистите на престижниот конкурс „Il Paraiso" во Италија


ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО
Дневен Центар за деца на улица - Шуто Оризари
Liked
Following
Share
More
Send Message
Home
Posts
Photos
About
Likes
Create a Page
Albums > ПРВ СКОПСКИ И...
ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД
14 Photos · Updated 10 months ago
Едукативно и продуктивно поминато време со патролите Гоблини и Рис ови во мисија за Добро дело. Пред сѐ, голема дружба, забава и насмевки. Чиста петка за Вашата иницијатива кои и овој пат покажавте големо срце и посветеност кон најранливата категорија на дечиња. Само напред.

catalyst

NASLOVNA IZVORI

HUMANITARNA AKCIJA SKOPSKIH IZVIĐAČA

Izvor: faceb

Postavljeno:

MACEDONI

Mladi izviđači iz First Scout Unit of Skopje (Prvi skopski izviđački odred) obeležili su Sve
februara Dnevni centar za decu ulice Šuto Orizari. U nedelju, 22. februara jedna grupa
delila sendviče i drugu hranu beskućnicima u Skoplju. U aktivnostima obeležavanja Da
1952. godine.

skopjeinfo.mk
АЗБУКАТА НА ГРАДОТ

НАСЛОВНА | ГАЛЕРИЈА | ЗА ГРАДОТ | НОЌЕН ЖИВОТ | УСЛУГИ | КУЛТУРА | ХРАНА | SKOP.

Vip Комбо

За градот 22. MARCH 2016 - 12:38

Првиот скопски извиднички одред започна со пролетни активности

Првиот Скопски Извиднички одред ги започна своите пролетни активности со акција

ВЕСТ
www.vest.mk
МАКЕДОНИЈА ЦРНА ХРОНИКА КУЛТУРА ЖИВОТ СПОРТ СВЕТ
ЧИТАЈ И МИСЛИ СЛОБОДНО
БАРАЈ:

Tweet

Ми се допаѓа 1

21.03.2016, 10:20

ПРВИОТ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД ПОЧНА СО ПРОЛЕТНИТЕ АКТИВНОСТИ

ИЗВИДНИЦИ ЈА ЧИСТЕА МАТКА ОД ЃУБРЕ

Наполнивме 15 вреќи отпад од најголемите, 110-литарски, и тоа само од делот околу последната автобуска постојка до паркингот кај браната. Ситуацијата е повеќе од алармантна, прекрасната природа буквално се дави во отпад, велат од Првиот скопски извиднички одред

Триесетина извидници од Првиот скопски извиднички одред викендов го исчистија ѓубрето во дел од кањонот Матка. Во саботата, тие собираа разлетани кеси, пластични и стаклени шишиња, хартии, пелени, лименки и сето она што го оставиле излетниците во кањонот зад себе.

РАДИО МОФ
RADIOMOF.MK

ПРОГРАМА ЕМИСИИ ВИДЕО #ЗАМАРАМСОПОЛИТИКА

СЕ НАОЃАТЕ НА: Дома » Вести » [Фото] Младите извидници во Скопје ја чистеа Матка

[Фото] Младите извидници во Скопје ја чистеа Матка

19/03/2016 - 22:42 ВЕСТИ, ГРАЃАНИ

Група на извидници, на возраст од 7 до 12 години, со своите водачи од Првиот скопски извиднички одред (ПСИО), денеска ја посетија Матка со цел да ја исчистат.

Тие велат дека собрале огромен број на вреќи полни со ѓубре, и тоа само на пределот околу последната

Скопје
-8°C

TELEGRAF.MK

НАСЛОВНА АКТУЕЛНО МАКЕДОНИЈА СПОРТ КУЛТУРА ЗАБАВА МАГАЗИН ТЕХНОЛОГИЈА ФОТОГАЛЕРИИ ВИДЕО GTA

Спорт / Останати спортови

Објавено на: 9.4.2016 - 14:23

Првиот скопски извидnички одред организираше незаборавна, интернационална извидничка размена

Извидничката размена започна да се планира уште во септември 2015, а и престоеше и еден состанок кој се одржа во Белгија, каде се договаравме за деталите околу програмата, што и како треба да се случува во Македонија

Like 3 Share 3 G+1 0 Tweet

Извидници (Фото:scout.org.mk)

Во период од 01 до 06 април, Прв Скопски Извиднички Одред организираше незаборавна, интернационална извидничка размена. На настанот учествуваа 32 извидника од Македонија да се запознаат подобро со културата и работата

ПОВРЗАНИ ВЕСТИ

МОЛК ВО ПУБЛИКАТА: ТАНДЕ СЕ СПАСИ, ЗА ВЛАКНО ИЗБЕГНА

Норвежанецот остана без титулата на Новогодишната турнеја,

Петок, 06 Јан 2017

СТВ

Насловна Новос

Извидници од Белгија, Скопје и Прилеп се дружеа во Извидничкиот Центар Охрид

Сабота, 09 Апр 2016 | Прочитано 222 пати.

Во периодот од 1-ви до 7-ми април се одржа младинската размена Wees Paraat – „Биди подготвен" во Извидничкиот Центар Охрид.

Настанот е во организација на Прв Скопски Извиднички Одред од Скопје, кои го искористија убавото време во изминативе денови, да ги донесат нивните гости од Белгија покрај брегот на Охридското Езеро. Во рамките на младинската размена учествуваа 13 извидници од Белгија и 18 извидници од Македонија, претежно од скопските одреди „Брицо", „Галеб", „Илинден", „Марково Крувче", „Бони М", како и одреднот „Феникс" од Прилеп и домаќините Прв Скопски Извиднички Одред. Гостите од Белгија имаа можност и да прошетаат низ Охрид, да ги видат убавините на градот и околината.

– Ова е една од најдобрите младински размени Wees Paraat, која се организирала меѓу Македонски и Белгиски извидници. Се дружевме во Охрид. Собравме многу искуство, велат гостите скаути од Белгија.

Во Охрид се одржаа свечени извиднички настани, давање извиднички заклетви, дружби покрај логорски оган и традиционална размена на марами.

извор: ОхридПрес
фото: Прв Скопски Извиднички Одред

Извидници од Белгија, Скопје и Прилеп се дружеа во Извидничкиот Центар Охрид

Охрид, 9. април 2016 (ОХРИДПРЕС) – Во периодот од 1-ви до 7-ми април се одржа младинската размена Wees Paraat – „Биди подготвен" во Извидничкиот Центар Охрид.

Извидници од Белгија, Скопје и Прилеп се дружеа во Извидничкиот Центар Охрид

Охрид, 9. април 2016 (ИНПРЕС) – Во периодот од 1-ви до 6-ти април се одржа младинската размена Wees Paraat – „Биди подготвен" во Извидничкиот Центар Охрид.

Настанот е во организација на Прв Скопски Извиднички Одред од Скопје, кои го искористија убавото време во изминативе денови, да ги донесат нивните гости од Белгија покрај брегот на Охридското Езеро. Во рамките на младинската размена учествуваа 13 извидници од Белгија и 18 извидници од Македонија, претежно од скопските одреди „Брицо", „Галеб", „Илинден", „Марково Крувче", „Бони М", како и одреднот „Феникс" од Прилеп и домаќините Прв Скопски Извиднички Одред. Гостите од Белгија имаа можност и да прошетаат низ Охрид, да ги видат убавините на градот и околината.

skopjeinfo.mk
АЗБУКАТА НА ГРАДОТ

НАСЛОВНА | ГАЛЕРИЈА | ЗА ГРАДОТ | НОЌЕН ЖИВОТ | УСЛУГИ | КУЛТУРА | ХРАНА | SKOPJ

бесплатно
Vip TV Lite и Vip NOW

За градот 11. MAY 2016 - 14:59

Улични игри во Скопје на 21 мај

Првиот скопски извиднички одред, традиционално ги организира Скопските улични игри. Деновиве започна пријавувањето за настанот кој ќе се одржи на 21-ви овој месец во Градскиот парк.

Мотото на овогодинешните игри ќе биде „Пролетни бакнежи, прегратки 2016" а главната цел на манифестацијата е да се оживеат веќе заборавените улични игри. На игрите ќе учествуваат извидници на возраст од 7 до 13 години организирани во тимови од мешан карактер. На досегашните игри организирани од извидничкиот одред редовно се пријавуваат по повеќе од 150 извидници, кои се организирани во 4 дела.

Игрите во кои се натпреваруваат тимовите се избираат по меѓусебен договор, а за најуспешните следуваат пехари. На извидниците омилени им се фрлање на пикадо, правење балони од сапуница, стрелање со воздушна пушка, одење на раце и други.

За пријавување, секој од учесниците плаќа котизација од 50 денари со кои се покриваат трошоците за игрите, храната, превозот и пехарите. Сите заинтересирани


YouTube MK
Search
началник на прв скопски извиднички одред
Снежана Јанковиќ
K1
0:02 / 1:06
Снежана Јанковиќ - началник на прв скопски извиднички одред
K1 Televizija
Subscribe 307
144 views

karas 4training.com
GIBBON SLACKLINES
STOP SLACKING JUMP START Slackfit
.01 МРЕЖА .02 ВЕСТИ .03 ТРЕНИНГ .04 ИСХРАНА .05 ПИКОЛИНО НА
ПРИРОДАРЕЊЕ
Тримекс Природата на дланка!
КУПУВАЈ ON LINE НА www.trimeks.com.mk

ПРЕКУ РАФТИНГ ДО ПОЧИСТ ВАРДАР

G+1 1 Tweet Share 413

На 19 јуни, 2016 на релација Неготино - с.Миравци извидниците од Прв Скопски Извиднички Одред за прв пат рафтаа со новиот чамец. Попатно, тие се потрудија да го соберат отпадот реката Вардар оставен од несовесните граѓани.

ВЕСТ
www.vest.mk
МАКЕДОНИЈА ЦРНА ХРОНИКА КУЛТУРА ЖИВОТ СПОРТ СВЕТ
ЧИТАЈ И МИСЛИ СЛОБОДНО
БАРАЈ:

Tweet
Ми се допаѓа 0

23.06.2016, 10:55

ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД СО НОВА АКЦИЈА

ИЗВИДНИЧКИ РАФТИНГ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ЃУБРЕТО ОД ВАРДАР

Извидниците од Прв скопски извиднички одред (ПСИО), изминатиот викенд направија рафтинг со чистење на ѓубрето од Вардар, на потегот од Неготино до село Миравци. Целта на рафтингот, како што велат од ПСИО, била да го исчистат ѓубрето од реката, во рамки на нивната мисија за зачувување на животната средина.

"Рафтингот траеше седум часа. Навистина, природата по течението на Вардар, особено Демиркаписката Клисура, е непроценливо прекрасна, но за жал, се дави во секаков вид отпад, пластични кутии, канти од боја, лименки, пластични кеси, електронски отпад, градежен шут. Ние успеавме да собереме четири вреќи отпад. Остана уште многу ѓубре во реката", велат од ПСИО.

Рафтингот бил поддржан од европската фондација "Пријатели на извидници од светот". Со

PULS FM 100.5 MHz RADIO
tim computers timcomputers.mk
Телевизор Hyunda Телевизор Tesl

ИЗВИДНИЦИ ГО ЧИСТЕА ВАРДАР ОД НЕГОТИНО ДО С.МИРАВЦИ

Додадено на 24-06-2016 во НЕГОТИНО

Изминатиот викенд извидниците на Првиот скопски извиднички одред на релација од Неготино до село Миравци направиле рафтинг со чистење на отпадот од реката Вардар. Целта на рафтингот како што велат била да го исчистат ѓубрето од реката оставено од несовесни граѓани, а акцијата била во рамки на нивната мисија за зачувување на животната средина.

5. Членови на ПСИО

Бр.	Име и презиме	Функција во ПСИО
1.	Зоран Шиљковски	Старешина
2.	Снежана Јанковиќ	Началник и Водач на јато Кактуси
3.	Димитар Чакар	Водач на јато Фикуси
4.	Теодор Павловски	Водач на јато Џуџиња
5.	Александар Балинда	Водач на јато Џуџиња
6.	Виктор Гилев	Водач на патрола Рисови
7.	Бојан Манчевски	Водач на патрола Игуани
8.	Бјанка Калајџиска	Водач на патрола Игуани
9.	Тамара Иванова	Водач на патрола Самурајски Лемури
10.	Иван Велкоски	Водач на патрола Бувови
11.	Демјан Анатоли Голубов	Водач на клуб Гоблини

КАКТУСИ

12. Веда Костова
13. Марија Филиповска
14. Нина Лазарева
15. Елена Османли
16. Матеј Бојаџиевски
17. Давид Димитровски
18. Михаил Алексов
19. Ведран Арнаудов
20. Филип Николовски
21. Јована Филиповска
22. Николина Китановска
23. Теодор Нановски
24. Илијан Смоковски
25. Кристина
26. Теодор Павловски

ФИКУСИ

27. Бора Јовановска
28. Каја Јовановска
29. Ангел
30. Веда Јегени
31. Теодор Петрушевски
32. Филип
33. Касија Сентиќ Габер
34. Марко
35. Елена
36. Горјан
37. Изабела Калајџиска
38. Анабела Калајџиска

ЏУЏИЊА

39. Елена Петровска
40. Михаил
41. Мила Цоњковска
42. Петар Цоњковски
43. Дамјан
44. Михаил
45. Кристијан

РИСОВИ

46. Петар Петровски
47. Кристијан Китанов
48. Ангел Спасовски
49. Драган Весов
50. Филип Ставрев
51. Борјан Ристовски

ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД
FIRST SCOUT UNIT OF SKOPJE

52. Петар Ѓошев
53. Андреј Кузевски
54. Лазар Андонов
55. Павел Петковски

ИГУАНИ

56. Софија Илиевска
57. Теодор Бојаџиевски
58. Петар Јаневски
59. Николај Василев
60. Борјан Бабоски

САМУРАЈСКИ ЛЕМУРИ

61. Горазд Филиповски
62. Бодан Костов
63. Владимир Балевски
64. Зоран Ристовски
65. Андреј Павловски
66. Миа Настев
67. Маја Вуевска
68. Алксандра Манчевска

БУВОВИ

69. Ања To[evska
70. Софи
71. Горјан
72.
73.

ГОБЛИНИ

74. Владимир Камбовски
75. Давид Даниловски
76. Бојан Ѓошев
77. Марко Тошанов
78. Ивана Манчевска
79. Филип Чашуле
80. Матеј Настев
81. Ангела Веселиновска
82. Димитар Ставрев
83. Марија Новаковска
84. Ема Младеновска

Биди подготвен!